Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell

Одделение за статистика, евалуации и анализи
Сектор за информатички технологии

Departamenti për statistikë, vlerësime dhe analiza
Sektori për teknologji informatike

# АНАЛИЗА
# НА ДАДЕНИТЕ ОДГОВОРИ
# НА ПРАШАЊАТА ОД ОТВОРЕН ТИП

Анкетниот лист за мерење на задоволството содржеше 2 прашања од отворен тип:

1. Што би можело да се подобри во програмите, обуките или услугите на Академијата според Вашето мислење?
2. Други коментари

Добиените предлози за првото прашање може да се сумираат во неколку групи:

- Дадени предлог теми за обуки (ЗРО, материјално финансиско работење, ИТ, криптовалути, јавни набавки, лични податоци, информации од јавен карактер, попис, ЕСЧП, пробација, малолетничка деликвенција, АКМИС, Етика, прекршоци, претходна постапка, дигитализација, Закон за семејство, Право на ЕУ)
- Потреба обуките да бидат со повеќе пракса, наместо теорија
- Можност стручните соработници за присуствуваат на обуките
- Потреба од повеќе обуки за стручни соработници и службеници
- Можност за учество на обуки во странство
- Забелешки за профилот и начинот на работа на предавачите
- Потреба од поголем број обуки одржани надвор од Скопје, по апелациони подрачја
- Часови по англиски јазик за стручна служба

На второто прашање дадените коментари може да се сумираат во следните групи:

- Предлози за организацијата на обуките – соодветно одреден термин, присуство на претставници од разни институции, висината на патните трошоци, пократко времетраење, одржување обуки надвор од Скопје
- Забелешки за почетната обука
- Предлог за електронско поврзување на вработени од разни судови и обвинителства кои се на иста работна позиција, заради разрешување спорни прашања

- Забелешки за нетранспарентно постапување при номинирање учесници во странство
- Потреба од воедначено постапување на судовите

Со цел исполнување на барањата и излегување во пресрет на искажаните потреби, дадени се насоки за постапување и мерки кои може да се преземат:

- При изработка на Каталогот на обуки за 2026 година, покрај сите доставени предлози, предвид да се земат сите предложени теми од анкетниот лист и согласно можностите да се вклучат во Каталогот.
- За реализација на обуките ќе се води сметка да се номинираат различни предавачи, од различни апелациони подрачја и инстанци. Во комуникацијата при ангажирање на предавачите или преку состаноци, вработените во Академијата може да им укажуваат за потребата од практичен пристап при презентирање на темата, изложување повеќе судска пракса, поттикнување и развивање дискусија.
- Стручните соработници од судовите и обвинителствата имаат можност да присуствуваат на обуките од Каталогот, додека за сите останати вработени во судовите и обвинителствата (судска и јавнообвинителска служба), секоја година се настојува да се опфатат теми кои се однесуваат на нивното работење.
- Заради проблем од административна природа кој се однесува на јавна набавка за транспорт, не сме во можност да организираме доволен број обуки по апелациони подрачја. Работиме во насока на решавање на овој проблем, со што би се отворила можност и за задоволување на барањето изнесено во анкетниот лист.
- Покана за учество на настан во странство Академијата добива од надворешни институции, организации, проекти и сл. кои како организатори, самите ги одредуваат условите за учество. Доколку во поканата е наведено дека се бара


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

учество на судија или обвинител, Академијата нема можност да номинира стручни соработници.

- Во текот на следната година ќе се работи на програма за реализирање часови по англиски јазик која ќе се однесува и на стручната служба, но отпочнувањето на часовите не е извесно дека ќе се случи во текот на 2026 година, односно со часови може да се отпочне и во текот на 2027 година.
- По однос на предлозите за организацијата на обуките, ова се појаснувањата:
    - при подготовка на Каталогот на обуки секогаш се внимава обуки од една област да бидат застапени во различни термини (различен ден во неделата, различен датум, односно на парен и непарен датум во неделата);
    - во зависност од темата, покана за учество се доставува и до релевантни институции, заради номинирање нивни претставници;
    - времетраењето на обуките е во согласност со Правилникот за континуирана обука. Во Правилникот времетраењето на обуката е изразено во денови, а еден ден е во траење од најмалку 6 наставни часа од по 45 минути. При одредување на времетраењето предвид е земен оптимален временски период потребен за целосно пренесување знаење и информации поврзани со темата (теорија, пракса, дискусија, вежби), како и финансиска исплатливост на трошоците потребни за одржување обука;
    - исплатата на патните трошоци е во согласност со Правилникот за надоместоци, во кој висината на надоместокот е одредена според износот на повратен автобуски билет, притоа почитувајќи ги напатствијата на Министерството за финансии за рационално користење на финансиските средства од буџетот на Академијата.
- Законот за Академијата за судии и јавни обвинители ќе претрпи измени, кои особено ќе се однесуваат на почетната обука. Измените се прават согласно


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

препораките на TAIEX - Инструмент за техничка помош и размена на информации на Европската Комисија.

- Академијата не е во можност да го исполни барањето и да спроведе електронско поврзување на судовите. Таквите решенија, иако практични и корисни, бараат финансиски средства, кои не сме во можност да ги обезбедиме.
- Во рамките на своите надлежности, Академијата пружа техничка поддршка на Врховниот суд и на четирите апелациони судови заради организација на работни средби за воедначување на судската пракса.

Изработил
Наташа Баштованска
Советник за податочно складирање, статистики, анализи и евалуации
Сектор за информатички технологии


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik Pavell Shatev
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Bul. Jane Sandanski nr.12, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk